Скопје, 2020



ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
„МИРЧЕ АЦЕВ“
СКОПЈЕ

# КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИ





Кодексот на однесување на родителите преставува збир на позначајни начела и принципи кон кои треба да се придржуваат и истовремено да ги почитуваат родителите чии деца се ученици на ООУ „Мирче Ацев" - Скопје.

Примената на Кодексот на однесување на родители е со цел да се даде позитивен пример на децата - ученици.





## ОСТАНАТО

* Вклучување во училишните активности и работилници;

* Навремено подмирување на финансиските обврски кон училиштето;

* Земање на активно учество и вклучување во хуманитарните и добротворни акции спроведени од страна на училиштето;

* Придонес за зголемена безбедност на учениците во училиштето и неговата непосредна околина;

* При епидемии и елементарни непогоди, задолжително да ги почитуваат донесените протоколи од училиштето и надлежните институции;

* При застанување или паркирање на своето возило да не ги попречуваат влезовите на училиштето;

* Воздржување од коментари пред детето за наставникот и за останатите вработени лица во училиштето.

## РОДИТЕЛСКИ СРЕДБИ

* Редовно и задолжително присуство на родителските средби организирани во училиштето со физичко присуство или преку видео-конференциска врска;
* Почитување на времето и дневниот ред на родителските средби;
* Земање на активно учество во дискусиите со конструктивни мислења и предлози, како и почитување и уважување на мислењата на останатите родители;
* Почитување и примена на одлуките донесени на Советот на родители;
* Почитување на времетраењето на родителската средба, да не се напушта пред нејзино завршување.







## ОСНОВНИ НАЧЕЛА И ПРИНЦИПИ

- Да го почитуваат кућниот ред и законските одредби на училиштето;
- Да ја почитуваат хиерархијата во училиштето:
- Со своето однесување да даваат позитивен пример на своите деца - ученици;
- При посетите во училиште, да го почитуваат кодексот за пристојно облекување.



## СОРАБОТКА НА РОДИТЕЛИТЕ СО НАСТАВНИЦИТЕ

* Да не се злоупотребуваат пријателските и роднински врски при процесот на однесување и во целокупниот наставен процес;
* Редовно и навремено да одговараат на повикот од наставниците или стручната служба на училиштето;
* Да иницираат и по сопствена иницијатива да предлагаат мерки за унапредување на воспитно - образовниот процес во училиштето;
* Навремено да го оправдуваат отсуството на своите деца - ученици;
* Да не ја злоупотребуваат соработката со наставниците за подобар успех на своето дете - ученик;
* Ако се во можност да спонзорираат, но да не очекуваат повластена положба за нивните деца - ученици при оценувањето;
* Кај своите деца-ученици да ги препознаваат и попречуваат евентуалните обиди со недозволени постапки да добијат поповолни оценки од објективно утврдените;
* Да не ги споредуваат резултатите и постигнувањата на сопственото дете - ученик со неговите соученици;



## СОРАБОТКА НА РОДИТЕЛИТЕ СО НАСТАВНИЦИТЕ

* Да соработуваат и активно да учествуваат во решавањето на проблемите со учениците во паралелката;
* Да го поддржуваат учењето на своите деца - ученици преку залагање за фер оценување;
* Да се воздржат од активности кои неоправдано би го довеле нивното дете ученик во повластена положба при оценувањето во однос на другите ученици;
* Да ги почитуваат професионалните одлуки и совети на наставниците поврзани со нивните деца;
* Да го почитуваат работното време да наставниците;
* Да го почитуваат почетокот и крајот на часот и да не влегуваат за време на час;
* Пристојно и со почит да се однесуваат кон наставниците и да негуваат коректен однос со нив;
* Средбите со наставниците да ги реализираат во рамките на приемните и отворените денови;
* Да не влегуваат во училницата ниту пред почеток на часовите, ниту по завршување на часовите.